ФЗОРСМ

FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**Број:** 03-3107/1
15-02-2023 **.2023 година**
**Скопје**

**До**
**ПЗУ од примарна здравствена заштита**

**Копија до**
**Подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на РСМ**

**Предмет:** Известување за начинот на работење на приватните здравствени установи од примарна здравствена заштита, во услови кога информатичкиот систем на Фондот не е во функција

Почитувани,

На ден 06.02.2023 година настана прекин во работата на информацискиот систем на Фондот, поради што се појавија низа предизвици како за Фондот, така и за осигурените лица и за здравствените установи кои имаат склучено договори со Фондот да обезбедуваат здравствени услуги за осигурениците на сите нивоа на здравствена заштита (примарно, секундарно и терцијарно ниво).

Во тој контекст сакаме да Ве известиме дека Фондот ги презема сите мерки и активности за да обезбеди наскоро враќање во функција на информацискиот систем.

Во меѓувреме, здравствените установи непречено треба да пружаат здравствени услуги на осигурените лица и тоа на следниот начин:

**1.Користење на здравствени услуги**

Осигурените лица можат да користат здравствени услуги во здравствените установи со приложување на здравствена легитимација и лична карта/пасош (на увид).

**Избор на лекар**

- Изборот на лекар наместо на електронски креиран ИЛ1 образец, лекарот ќе треба да го пополни истиот ИЛ1 образец во два примерока во хартиена форма со назначување на датумот на избор на лекар и потпис на пациентот. По целосно воспоставување на информацискиот систем на Фондот ИЛ1 образецот треба да се внесе во системот на Фондот за да се креира серискиот број за истиот и тој број да се запише на хартиениот ИЛ 1 образец. Еден примерок од пополнетиот ИЛ 1 образец останува во здравствениот картон на осигуреното лице, а другиот примерок се носи во подрачната служба на понатамошна обработка во системот на Фондот.
- Пациентот треба да достави изјава дека промената на лекарот не е над предвидените два пати годишно согласно одредбите на правилникот.

**Издавање на упат за специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита**

- За осигурените лица кои се евидентирани во системот на Мој Термин до 05.02.2023 година, избраниот лекар упатот го креира преку системот на Мој термин.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

- По исклучок кога избраниот лекар не може да издаде упат за лица кои не се евидентирани во системот на Мој Термин после 05.02.2023 година, издава упат во хартиена форма, заверен со факсимил на лекарот и печат на здравствената установа. Овој упат ќе се третира како упат без термин и пациентите имаат право да бидат прегледани во рок од 7 дена. Здравствените установи треба да ги прифаќаат упатите без термин кои не се издадени преку системот на Мој термин. Овој начин на работа е усогласен со Мој термин.

<u>Издавање на ПСР и ИСР заради привремена спреченост за работа</u>

- Избраниот лекар предлогот за привремена спреченост за работа (ПСР и ИСР) го печати од софтверот на избраниот лекар.
- По исклучок кога осигуреното лице го нема во локалната база на избраниот лекар, овие обрасци рачно се пополнуваат, заверуваат со факсимил на лекарот и печат на здравствената установа.
- Оценката и мислењето за утврдување на право на привремена спреченост за работа лекарските комисии на Фондот ја издаваат на пропишан образец (во хартиена форма) заверена со факсимил на лекарот и печат од Фондот.

<u>Пропишување на лекови на рецепт</u>

- За осигурените лица кои се евидентирани во системот на Мој Термин до 05.02.2023 година, избраниот лекар рецептот го креира преку системот на Мој термин.
- По исклучок кога избраниот лекар не може да креира рецепт за лица кои не се евидентирани во системот на Мој Термин после 05.02.2023 година, издава рецепт во хартиена форма, заверен со факсимил на лекарот и печат на здравствената установа.

<u>Издавање на ортопедски помагала</u>

Начинот на издавање на ортопедските помагала е опишан во известување бр.10-3026/1 од 14.02.2023 година, кое го доставуваме во прилог.

Со почит,

**ДИРЕКТОР,**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**По Овластување бр. 04-2349/1 од**
**Me Autorizimin nr. 04-2349/1me datë 02.02.2023**
**Директор на Сектор за управување со човечки ресурси**
**Drejtor I Sektorit të menaxhimint të burimeve njerëzore**
**Fatime Idrizi**

Изготвил:
Ирена Барутоска
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен:
Д-р Игор Неловски
Сашо Станчески
Миле Сугарев
Јасмина Смилевска
м-р Кристина Христова